38058

НОВА МАКЕДОНИЈА, 15756,

СРЕДА 5 ДЕКЕМВРИ 1990 ГОДИНА ● СТРАНИЦА 9

**ПОВОДИ: ГАЛЕРИЈАТА НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ ВО КРУШЕВО**

# Втор почеток

**● Конечно се извршени неопходните интервенции на Галеријата, која истовремено претставува маркантен белег на старата архитектура во Крушево. Во тек е акцијата за прибирање на делата на Мартиновски во овој објект**

Деновиве во Крушево беше означен вториот почеток на објектот на старата градска архитектура на ул. „Нико Доага" бр. 65а, кој уште во 1968 година е адаптиран во Галерија на Никола Мартиноски. Повод: извршени се заштитни интервенции на објектот, збогатена е збирката на делата на Никола Мартиноски, издаден е репрезентативен каталог.

### ВИСОКИ КВАЛИТЕТИ

По долги години, конечно, на Галеријата на Никола Мартиноски се извршени неопходните заштитни интервенции на објектот. По преземените градежно-конзерваторски работи постигната е целосна заштита на најзагрозените делови на објектот од влага, заштита и обновување на фасадите, како и потребните интервенции во внатрешноста на објектот. Конечно е уредено и дворното место, кое со години наназад беше запуштено, со што се девалвираше и самиот објект. Изградени се оградни ѕидови на дворното место, овозможен е двостран пристап кон Галеријата од улиците под и над објектот (убаво изведените камени скали водат кон објектот од долната улица, а влезната дрвена порта во стилот на старите крушевски порти, од горната).

Засега е запрено понатамошното пропаѓање на оваа куќа, но и натаму на овој објект континуирано треба да се работи за да се зачува како еден од најмаркантните белези на старата градска архитектура во Крушево. Со тоа неговите вредности би останале ненарушени за да можеме да им ги предадеме на идните генерации, бидејќи секоја генерација треба да биде чувар на културното наследство.

Тој е со правоаголна основа, форма што е „фаворизирана" при изградбата на објекти од старата градска архитектура во Крушево, симетричен, како и затворен тип на објект, што е условено од климатските услови кои владеат на овој простор. Објектот е П+2, централни чардаци и простории симетрично распоредени околу нив. Симетричноста на објектот се огледува и на главната фасада со централна вертикална линија формирана од вовлечениот влез на објектот, двата конзолно издадени балкони и тимпанонот над нив и бочно распоредени симетрични маси на ѕидни платна со по еден или низа од по три прозори на објектот. Фасадите на објектот претставуваат пример на успешно избалансирани маси и волумени, на кој се забележуваат и траги од европските стилови во елементите на фасадата, дорски форми на столбови применети скоро на сите агли, елиптични форми на прозорците, барокни конзоли и сл.

Траги од Европа, што се одраз на честите контакти на крушевчани со развиените европски градови, се огледуваат во сите крушевски куќи, со тоа што „сите аспекти на домувањето и репрезентативноста биле исполнети на оптимален начин, и таа, со полно право, во својата категорија го зазема највисокото место". Високо место и високи квалитети има и ентериерното уредување на просторот.

Овој креативен амбиент на Крушево и богатата архитектура се вградиле во творештвото на основоположникот на современата македонска уметност, Никола Мартиноски, кој е роден во Крушево. „Особено внимание, повеќе од една деценија, уметникот им посвети на мотиви од крушевскиот живот и, особено, од крушевските амбиенти и сокаци". („На приемен ден", „Крушевска свадба", „Приемен ден во Крушево" и др.). По преселувањето во Скопје, учи кај зографот Димитар Андонов – Папрадишки, а учењето го продолжува во Букурешт и Париз. Ликовниот опус на Никола Мартиноски е исклучително богат. Тој работи масла, цртежи, фрески, илустрира книги. Приредува многу самостојни изложби, а учесник е и на групни ликовни манифестации. Во своето творештво свртен е кон човекот т.е. неговата социјална положба („Госпоѓица Арети" 1931; „Во кафеана II" 1932, „Работничкиот југ" 1937 и др.); фигури и портрети („Младиот филозоф 1929; „Портретот на Олга„ 1930; „Раде Драинац" 1933; „Мустафа" 1936; „Автопортрет" 1950 и др.); фигурални композиции со мотиви на мајка и дете („Доилка" 1929; „Мајка со дете" 1934; „Мајка со дете" 1940 и др.). Покрај овие социјални теми и мотиви во неговото сликарство застапени се и религиозни, идилични, еротски и симболични мотиви. Согледувајќи ги карактеристиките на стилскиот развој на Никола Мартиноски, се доаѓа до сознание за неговата разноликост, од академски реализам преку експресионизмот и посткубизмот до социјалниот реализам и експресионистичката – симболистичка насоченост кон крајот на животот.

### ЗГОЛЕМЕНА ЗБИРКА

Собранието на општината Крушево и Историскиот музеј од Крушево покренаа акција за собирање на делата на Никола Мартиноски. Галеријата во Крушево поседува само дел од неговиот богат ликовен опус, од кој најголем број од нив се слики, потоа неколку цртежи и графики. Со оваа акција треба да се зголеми колекцијата на Галеријата со негови дела, со што би се овозможило значително подобрување, па и целосно заокружување на концепцијата за презентација на неговиот стилски развој. Иако во постојната колекција се застапени неколку негови антологиски дела, сепак, не задоволува.

Во оваа акција се одѕваа ИС на Собранието на СРМ (отстапија три слики во нивна сопственост), Републичкиот комитет за култура и СКМ-ПДП (по една слика). Следејќи го нивниот пример, а и поттикнати од целта на оваа акција се очекува наскоро во Крушево да се најдат поголем број од делата на Никола Мартиноски во јавна сопственост чиј вкупен број е 45 дела во маслена техника, 9 темпери и акварели и 2 цртежи и графики. Со тоа Крушево ќе им овозможи на посетителите, како и на љубителите и проучувачите на уметност едно место за да се запознаат што поинтегрално со творештвото на овој значаен македонски уметник.



**Грижа за делата на основоположникот на современата македонска уметност: Галеријата на Никола Мартиновски во Крушево**

Собирањето на овие дела ја наметнува и потребата за менување на целокупната поставка во Галеријата. Сегашната поставка не овозможува покоректна презентација ниту на постојните дела. Потребна е изработка на проект со кој целосно ќе бидат разрешени проблемите на поставување на сликите во просторот, концепциско решавање на самиот простор, решавање на проблемите околу осветлувањето, вентилацијата, климатизацијата, противпожарната и друга безбедност.

Во рамките на оваа културна акција влегува и издавањето каталог на Галеријата. Тоа претставува и прв репрезентативен каталог на оваа Галерија, богато опремен со колор фотографии на делата, со придружен текст за творештвото на Никола Мартиноски подготвен од проучувачот на творештвото на Мартиноски, Борис Петкоски. Така по цели 22 години од работењето на Галеријата, таа го доживува и овој момент на промоција на својот прв почеток. Овој културен чин добива на значење бидејќи истовремено со заштитата на културното наследство се спојува и современоста – организирано прибирање на делата на авторот и средување на Галеријата. Со тоа не само што се доведуваат во врска корените на нашата ликовна уметност, туку се извлекува и линијата на нашиот културен и духовен развој во сета нејзина автентичност било да се работи за поединецот или општеството.

**Марула Николовска**